# КАРПОШ
## неделен е - билтен






**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

18 - 24 февруари 2019 Билтен бр. 309

# ЗАСИЛЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ: КАЗНИ ЗА ПРЕКРШОЦИ ОД 50 ДО 2.000 €

ЗГОЛЕМЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ – ЗАЕДНО ЗА ПОЧИСТ КАРПОШ

Почитувани граѓани,

Општина Карпош согласно своите надлежности, покрај интензивираните активности за чистење на јавните површини, во наредниот период ќе ги зголеми и инспекциските контроли на терен. Овие активности ќе се одвиваат и за време на викендите. За таа цел сакаме уште еднаш да потенцираме кои дејствија претставуваат прекршување на прописите за чиста животна средина и за кои ќе има прекршочни санкции од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност.

Ø Фрлање шут, отпад, формирање депонии, јами и сл., во профилот на улиците и патиштата или покрај контејнерите за комунален отпад;

ØОставање градежен шут, смет и други материјали на коловозот и тротоарот на улиците;

ØИспуштање на отпадни или други води на коловозот и тротоарот, или спречување истекување на водите на предвидените места;

Ø Нанесување кал, градежен и друг материјал на коловозот и тротоарите на улиците;

Ø Попречување на пешачка патека и улица, противправно прекопување на коловозот, оставање пречки и друг материјал на коловозот, пешачката патека или тротоарот и неовластено поставување разни препреки;

ØОштетување и уништување на урбана опрема, сообраќајни знаци, патокази, семафори и друга опрема која е во функција на патеките, улиците и другите јавни површини;

Ø Отворање и отстранување на капаците на уличните шахти и решетки;

Секој од нас носи одговорност за здрава и чиста животна средина.
Заедно за почист и поубав Карпош !

Заедно за почист и поубав Карпош!

Секој од нас носи одговорност
за здрава и чиста животна средина.

ЗАСИЛЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ-ПРЕКРШОЦИ КОИ СЕ КАЗНУВААТ ОД 50 ДО 2.000 ЕВРА

Попречување на пешачка патека и улица, противправно прекопување на коловозот, оставање пречки и друг материјал на коловозот, пешачката патека или тротоарот и неовластено поставување разни препреки;

Оштетување и уништување на урбана опрема, сообраќајни знаци, патокази, семафори и друга опрема која е во функција на патеките, улиците и другите јавни површини;

Отворање и отстранување на капаците на уличните шахти и решетки;

#ЗеленКарпош

Заедно за почист и поубав Карпош!

Секој од нас носи одговорност
за здрава и чиста животна средина.

ЗАСИЛЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ-ПРЕКРШОЦИ КОИ СЕ КАЗНУВААТ ОД 50 ДО 2.000 ЕВРА

Фрлање шут, отпад, формирање депонии, јами и сл., во профилот на улиците и патиштата или покрај контејнерите за комунален отпад;

Оставање градежен шут, смет и други материјали на коловозот и тротоарот на улиците;

Испуштање на отпадни или други води на коловозот и тротоарот, или спречување истекување на водите на предвидените места;

Нанесување кал, градежен и друг материјал на коловозот и тротоарите на улиците;

#ЗеленКарпош

# НОВИ ДВА ПУНКТА ЗА ЕЛЕКТРИЧНИОТ И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД

Општина Карпош, во соработка со колективниот постапувач „Елколект“, продолжува со унапредување на начините за правилно управување со електричниот и електронскиот отпад.

Отворени се два нови собирни пункта, со цел правилно да се одложува овој вид отпад и да се заштити животната средина.

Првата локација е во кругот на центарот за селекција на отпад и претоварна станица на Комунална хигиена Скопје, која се наоѓа веднаш позади бензинската пумпа на „Макпетрол“ на булеварот „Илинден“ во Карпош 3.

Втората локација е кај просториите на урбаната заедница Влае 2, веднаш до спортските терени кај мостот „Обединети Нации“ во населбата Влае.

Локалната самоуправа ги интензивира своите активности и мерки за заштита на околината и за намалување на загадувањето од сите аспекти.






# ЗАПЛЕНЕТИ ПОВЕЌЕ ОД 150 ГУМИ ВО БАРДОВЦИ

Денеска, комуналните служби на Општина Карпош запленија нова количина на отпадни гуми, на потегот околу Бардовци.

Запленети се повеќе од 150 гуми кои, во овој период од годината, главно се користат како огревно средство.

Имајќи ги предвид истражувањата и анализите за причините за аерозагадувањето, посочено е дека голем број на домаќинства сеуште се греат на материјали кои не се еколошки препорачливи, односно го загадуваат амбиенталниот воздух и животната средина.

Општина Карпош повторно апелира, до сите граѓани и домаќинства кои се греат на огревно дрво, гуми или сл., да го променат начинот на греење и да аплицираат за субвенции за пелети или инвертер - клими во Град Скопје.

Локалната самоуправа продолжува со интензивните инспекциски контроли на терен, со цел да се мапираат загадувачите, да се санкционираат и да се заштити околината.






# АМБАСАДОРОТ ТИМОНИЕ И МИНИСТЕРОТ АДЕМИ ВО ПОСЕТА НА КАРПОШ

Со обиколка на спортската сала „Партизан“ започна денешната посета на амбасадорот на Франција во Скопје, Кристиан Тимоние и министерот за образование и наука, Арбер Адеми на Карпош.

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев ја истакна важноста на спортскиот центар „Партизан“ за карпошани, но и за сите граѓани на Скопје. Затоа локалната самоуправа поведе иницијатива за спас и обнова на овој култен спортски објект, кој претставува донација на Владата нФранција по катастрофалниот земјотрес во 1963 – та.

Исто така, се формираше и работна група која веќе работи на идеен проект за обнова на „Партизан“, веднаш штом објектот ќе биде даден во владение на Општината.

-Партизан е симбол на Карпош и драго ми е што е препознаена нашата иницијатива и желба за спас на овој објект од повеќе чинители. Враќањето на оваа сала во функција на спортот и рекреацијата е наш приоритет, изјави Богоев пред присутните новинари.





Посетата на Карпош продолжи во општинското основно училиште „Братство", во Тафталиџе 2. Градоначалникот Богоев, амбасадорот Тимоние и министерот Адеми имаа можност да присуствуваат на час по француски јазик, да поразговараат со учениците, наставниот кадар и директорката на училиштето. Притое, тие цврсто се заложија за дополнително унапредување на изучувањето на францускиот јазик на локално ниво.

Амбасадорот Тимоние во изјавата за медиуми се осврна на училиштето „Братсво", кое е именувано по девизата на Француската Република. Ова училиште е пример за образовна установа каде што се негуваат различностите и соживотот уште од најмлади години.

Министерот Адеми посочи дека Министерството за образование и наука ќе продолжи со поддршката на основното образование од сите аспекти, а треба да се има предвид дека францускиот јазик е меѓу најдобро позиционираните јазици во светот и неговото изучување е исклучително значајно.

Денешната посета на високите гости заврши во Француското интернационално училиште, лоцирано во Карпош 4. Присутните се запознаа со условите во кои се образуваат голем број на дечиња кои се државјани на Франција, но и ученици од Македонија.





# НОВИ КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ ВО „ЛЕПТОКАРИЈА“

Поставени се нови корпи за отпадоци во ТЦ „Лептокарија“ во Карпош 3. Општина Карпош започна со обнова на корпите, со цел да се создадат подобри услови за фрлање на отпадот и истиот да не завршува на јавните површини.
Апелираме до сите граѓани, правилно да ги користат корпите, да фрлаат ситен – џебен отпад.
Секој носи одговорност за здрава и чиста животна средина.
Заедно за почист и поубав Карпош.=



# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДВОРОТ НА СД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Комуналните служби на Општина Карпош се приклучија кон акцијата на ЈП „Комунална хигиена – Скопје“ за чистење на дворот на студентскиот дом „Гоце Делчев“.

Оваа акција ја поздрави и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев и во оваа прилика потсети на еко - активностите кои Општината ги презема во овој период:

-Изминатиов период исчистивме уште една дива депонија во Тафталиџе 1, а во два наврати запленивме и поголемо количесто на гуми кои во овој период се користат како огревно средство, со што дополнително се загадува воздухот.

Почнавме и со засилени инспекциски контроли на терен, бидејќи секој носи одговорност за здрава и чиста животна средина.

Апелирам до сите граѓани и фирми правилно да го одлагаат отпадот, затоа што во спротивно, прекршочните казни за непочитување на правилата изнесуваат од 50 до 2000 евра, рече Богоев.

Помошник директорот на ЈП „Комунална хигиена - Скопје“, Ејтула Амети напомена дека овие активности имаат цел да ја подигнат и јавната свест кај сите чинители.

За потребата од тековно одржување и хортикултурно уредување на овој простор зборуваше Дарио Николовски, директорт на Државниот студентски центар.

Градоначалникот Богоев исто така посочи дека локалната самоуправа во текот на пролетта ќе започне со акција на хортиклутурно уредување на надворешниот простор на студентскиот дом „Гоце Делчев“ и ќе додели нови садници за раззеленување на овој потег.



# НОВ КЛУБ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД ВЛАЕ

Општина Карпош отвори нов Клуб за пензионерите од Влае. Новото катче за социјализација и дружење на највозрасните е лоцирано во Порта Влае. Новите простории овозоможуваат подобри услови за престој на пензионерите, нивна меѓусебна комуникација и социјализација.

Денеска клубот го посети и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој е најмладиот градоначалник во нашата држава, во Општината со најголем број на возрасни сограѓани.

-Вие сте се грижеле за нас, помладите и денеска наша обврска е ние да подадеме рака кон вас. Нашата цел е овие клубови да прераснат во места на меѓугенерациска дружба. Затоа, предвидуваме и посети од страна на учениците од основните училишта, работилници за изработка на ракотворби, едукативни предавања за превенција од различни болести, шаховски натпревари и сл., рече Богоев.

Пензионерите особено го поздравија проектот за воведување на т.н. „Хумани патроли" во Карпош. Со оваа политика, Општината ќе пружи нега и здравствена заштита за дел од пензионерите кои не се во можност да се грижат за себе.

Градоначалникот Богоев на пензионерите им додели и друштвените игри за клубот (шах, табла, домино), како и повеќе фотографии од нашиот Карпош, со цел да се разубави внатрешноста на просторот.

Овие нови катчиња за пензионери овозможуваат различни содржини за повозрасните, активности и програма која на вистински начин ја поттикнува комуникацијата меѓу пензионерите.

Во претстојниот период, сличен ваков клуб ќе се отвори и во Бардовци. Новите пензионерски клубови се дел од програмските активности на Општината за 2019 година.

